

# Лист за помош 2

## Медицински начини на лекување на **Паркинсоновата болест**

*Овој Лист за помош дава основнен опис на вообичаените медицински начини на лекување на Паркинсоновата болест. Тој објаснува како лековите влијаат на знаците на болеста и им помагаат на луѓето да живеат безбедно и самостојно.*

*Овие информации се само водач. Многу е важно луѓето со Паркинсонова болест да појдат кај лекар специјалист, на пример, невролог, за да добијат стручен совет за расположивите начини на лекување и заради тековно надгледување на знаците на болеста.*

### Што е тоа Паркинсонова болест?

Паркинсоновата болест е здравствена состојба што влијае на движењето. Луѓето со Паркинсонова болест имаат проблеми да ги контролираат мускулите на телото поради нарушување на пораките што ги праќа мозокот. Тие проблеми се влошуваат со текот на времето.

Не знаеме што ја предизвикува Паркинсоновата болест, но луѓето со Паркинсонова болест имаат ниско ниво на мозочната хемикалија што се вика допамин. Допаминот му помага на мозокот да ги контролира мускулите и да го движи телото складно и со леснотија.

Во главните знаци на болеста спаѓаат тресење, вкочанети мускули, бавни движења и проблеми со рамнотежата. Паркинсоновата болест влијае различно на секој човек, а знаците и кај еден ист човек во различни денови може да бидат различни. Може да минат долги години пред да се развијат знаците на болеста толку многу за да почнат да предизвикуваат посериозни проблеми. Кога ќе се случи тоа, многу од тие знаци може да бидат ублажени со лекување и поддршка.

### Како се лекува Паркинсоновата болест?

Лекувањето може да не биде потребно во многу раната фаза од болеста. Како што болеста напредува, лековите може да помогнат да се совладуваат знаците на болеста и на луѓето да им се овозможи да продолжат да живеат безбедно и самостојно.

### Вообичаени начини на лекување на Паркинсоновата болест

**Levodopa** е главната состојка за лекување на Паркинсоновата болест. Таа дејствува така што се претвора во допамин во мозокот. Лековите Levodopa содржат и други состојки – *carbidopa, benserazide или entacapone* – што помагаат лекот да стигне до мозокот.

**Имиња на одделните лекови: Sinemet, Madopar, Stalevo (ви обрнуваме внимание дека Stalevo содржи entacapone – погледнете кај COMT Inhibitors).*

Лековите **Dopamine Agonist** придонесуваат клетките што користат допамин да работат поефикасно. Тие имаат подолготрајно дејство од levodopa и може да се користат заедно со levodopa за да му помогнат да дејствува подолго.

**Имиња на одделните лекови: Parlodel, Cabaser, Permax, Apomine, Sifrol.*

**MAO Inhibitors,** особено selegeline, го намалуваат разложувањето на допаминот во мозокот, овозможувајќи помали количестав од levodopa да бидат поефикасни.

**Имиња на одделните лекови: Eldepryl, Selgene.*

**COMT Inhibitors,** особено entacapone, му помагаат на levodopa да стигне до мозокот.

**Имиња на одделните лекови: Comtan.*

***Забелешка: Имињата на одделните лекови се менуваат одвреме-навреме, а исто така има и лекови за замена и поефтини лекови.**

Parkinson's Australia

## Несакани дејства

Земањето лекови за Паркинсонова болест може да предизвика други проблеми кај некои луѓе, вклучувајќи:

- Гадење
- Неволни движења
- Влошување на запекот
- Низок крвен притисоке
- Збунетост и привидувања
- Проблеми со однесувањето, на пример, чувство на неодолива потреба за коцкање, секс или занимавање со слободни активнoссти.

Несаканите дејства обично може да се лекуваат. За сите проблеми треба да поразговарате со лекар.

## Одредување лекови за Паркинсонова болест

Секое лице со Паркинсонова болест има различни потреби од лекови и може да биде потребно извесно време за да се утврди што дејствува најдобро. Кај некои луѓе со текот на времето дејството на лековите се намалува и знаците на болеста повторно се јавуваат. Може да помогне ако водите дневник за знаците на болеста и кога се јавуваат тие, за да може лекарот да утврди кои се најефикасниот распоред и доза од лековите. Важно е да се избегнува менување на распоредот или на дозите без да се поразговара за тоа со лекарот.

Некои лекови за други болести може да предизвикаат проблеми за луѓето што примаат лекови за Паркинсонова болест. Добра идеја е да имате постојано обновуван список на сите лекови што ќе му го покажете на лекарот или на аптекарот пред да почнете да земате било каков нов лек или да прекинете со земањето на некој лек.

Кога одите во болница, многу е важно персоналот во болницата да разбере дека лековите за Паркинсонова болест треба да се земаат во пропишаното време, а не во времето кога вообичаено се даваат сите лекови во болницата. Начин да се осигура тоа е лекарот што го врши приемот во болницата да ги запише пропишаните дози и времиња на примање на лековите во картонот за лекови на пациентот.

## Оперирање заради Паркинсоновата болест

На некои луѓе со Паркинсонова болест може да им користи операција, особено кога знаците не се контролираат доволно добро со лекови. Не е секој погоден за вакво лекување, а за операција обично не се размислува во раните фази на болеста.

## Совети за луѓето со Паркинсонова болест кога одат на лекар:

- Направете список на работите за кои треба да зборувате и понесете го со вас на прегледот
- Водете список за сите ваши лекови што постојано ќе го обновувате
- Бидете искрени во однос на знаците што ги чувствувате
- Ако нешто не разбирате, побарајте од лекарот да повтори или да го објасни на поинаков начин
- Запишете се што е важно, или замолете го лекарот да запише
- Поведете со себе член на семејството или друго лице за поддршка
- Ако зборувате јазик што не е англиски, многу е важно да биде присутен преведувач. Побарајте преведувач кога го закажувате вашиот преглед. Таа услуга обично е бесплатна.

Овој Лист за помош дава само општи информации. Здружението Parkinson's Australia не поддржува ниеден посебен лек, а за сите лекови треба да поразговарате со професионален здравствен работник.

**За натамошни информации и поддршка:**

**Телефонирајте во Здружението Parkinson's Australia: 1800 644 189**

За да зборувате со нас на јазик што не е англиски

Телефонирајте на: **131 450** и побарајте преведувач за вашиот јазик да ве поврзе со Здружението Parkinson's Australia во вашата држава или територија. Оваа услуга е бесплатна.

Овој и други листови за помош може да се добијат на повеќе јазици на заедницата. Јавете ни се или симнете ги од нашето место на интернет.

**www.parkinsons.org.au**

*Септември 2008 г.*

Parkinson's Australia

Ова издание го изработи Здружението Parkinson's Victoria со поддршка од Добротворниот фонд на градоначалникот (Lord Mayor's Charitable Foundation).

Здружението Parkinson's Victoria не одговара за ниедна грешка или пропуст во ова издание.

© Parkinson's Victoria